Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр. 04-2250/2
04-07-2025 година

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20, 208/24 и 210/24), а согласно член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ бр. 3/2025

За потребите на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, се објавува оглас за пополнување на две (2) работни места за период до 30.11.2025 година.

**1. Назив на институцијата: Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.**

**На работно место бр. 1, Помлад соработник за евиденција во Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло, Сектор за инспекциски надзор, еден (1) извршител.**

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
-ниво на квалификации: VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
-вид на образование: Стоматологија, технологија на прехрамбени производи, наука за земјиштето и хидрологија;
-работно искуство: со или без работно искуство во струката.

**Општи работни компетенции:**
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;

quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување.

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

**Распоред на работно време:**

Неделното работно време е од понеделник до петок, 8 работни часа (08:30 - 16:30), опис за работното време со почеток на работното време помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот.

**Паричен нето износ на плата:** 31.639,00 денари.

**На работно место бр. 2, Помлад референт за административни работи во Одделение за идентификација и регистрација на животните, Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животни, еден (1) извршител.**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

-ниво на квалификации: V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование;
-вид на образование: Вишо/средно образование;
-работно искуство: со или без работно искуство во струката;

**Општи работни компетенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување.

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

**Распоред на работно време:**

Неделното работно време е од понеделник до петок, 8 работни часа (08:30 - 16:30), опис за работното време со почеток на работното време помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот.
**Паричен нето износ на плата:** 27.012,00 денари

Јавниот оглас трае 3 (три) работни дена од денот на објавувањето.
Работното време е 8 работни часа (08:30 - 16:30), опис за работното време со почеток на работното време помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот од понеделник до петок, 40 часа неделно.
Вработувањето е на определено време до 30.11.2025 година.

Заинтересираните кандидати потребно е да ги достават следните документи:

- Уверение/диплома за завршено соодветно образование оригинал или заверена на нотар,
- Уверение за државјанство оригинал или заверена на нотар,
- Потврда со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност,
- Лекарско уверение од медина на труд
- Потврда/Сертификат за работа со компјутери,
- Потврда/Сертификат за познавање на странски јазик ( погоре наведени),
- Потврда за работно искуство – Историјат од Агенција за вработување,
- Потврда за работен стаж (ПИОМ),

Изборот на кандидати ќе се изврши согласно член 23 од Законот за работни односи. Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за аплицирање. Кандидатите со пријавата за учество треба да ги достават доказите за исполнување на условите во оригинална форма или копија заверена кај нотар. Во пријавата задолжително да се запише и да се наведе работното место за кое се аплицира. Пријавите со автобиографија се доставуваат во затворен коверт со назнака за огпас за вработување бр. 3/2025 до Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, бул. „III Македонска Бригада“ бр. 20, 1000 Скопје, преку архива или по пошта.
Пријавите што нема да бидат поднесени во утврдениот рок и пријавите кои нема да ги содржат потребните документи, ќе се сметаат за ненавремени и некомплетни и нема да се разгледуваат. На интервју ќе бидат повикани само кандидати што ги исполнуваат условите.

**Директор,**
**д-р Оливер Миланов**

ДОСТАВЕНО ДО:
- Одделение за управување со човечки ресурси